Томе САЗДОВ

# МАРКО К. ЦЕПЕНКОВ КАКО СОБИРАЧ НА МАКЕДОНСКИ НАРОДНИ УМОТВОРБИ

## (ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА)

### Резиме

Докторската дисертација „**Марко К. Цепенков како собирач на македонски народни умотворби**" опфаќа 197 страници отчукани на машина со пропишаниот (новинарски) проред и е поделена на следните поглавја:

I. Марко К. Цепенков според досегашните проучувања;

II. Македонија, и посебно Прилеп, во времето на Марко К. Цепенков;

III. Биографијата на Марко К. Цепенков;

IV. Интенциите и резултатите на собирачкото дело во Македонија и неговите главни претставници. Местото на Марко К. Цепенков меѓу нив;

V. Фолклористички опис на собраните народни умотворби од Марко К. Цепенков
   1. Класификација
   2. Песни
   3. Проза
   4. Кратки фолклорни жанри;

VI. Собирачката постапка на Марко К. Цепенков (главните елементи на неговата запишувачка практика). Одразот од неговиот личен творечки пристап во вообличувањето на запишуваните народни умотворби;

VII. Значењето на собирачката дејност на Марко К. Цепенков за македонската културна историја и фолклористиката.

Текстот на оваа докторска дисертација содржи и **преглед на користената и консултираната литература, библиографија на публикуваните народни умотворби запишани од Марко К. Цепенков и преглед на употребените скратеници.**

Во I поглавје **„Марко К. Цепенков според досегашните проучувања“** (стр. 1—19), всушност, е направен осврт на постоечката литература за животот и собирачката дејност на прилепчанецот Марко К. Цепенков. При тоа е објаснет феноменот за крајно недоволната проученост на собирачкото дело на М. К. Цепенков, наспроти фактот што тој се јавува — според вкупниот фонд собрани фолклорни материјали и заради квалитетот на запишувањето — како најголем, најзначаен собирач и публикатор на македонските народни умотворби. Според Т. Саздов, основната причина за ваквата положба околу недоволно внимателниот третман на собирачката работа на М. К. Цепенков во книжевната наука кај нас и во Бугарија (каде Цепенков ги публикуваше делумично своите собрани фолклорни материјали), лежи во фактот што овој наш собирач не успеал (како што во тоа успеале браќата Миладиновци, Кузман Шапкарев, Стефан Верковиќ и други собирачи на македонското народно поетско творештво) да ги публикува собраните македонски народни умотворби во поцелосна форма, во одделна книга. Без тоа, без такво повоочливо печатено презентирање на својот собран фонд од народни умотворби, Марко К. Цепенков не можел на своето време да биде забележан и третиран со нужното внимание во книжевно-историската наука, како што тоа беше случај со низата други, меѓу нив и спомнативе собирачи на македонското народно поетско творештво.

Правејќи хронолошки преглед на сите досега печатени прилози кај нас и во Бугарија што се однесуваат на животот и дејноста на Цепенков, авторот главно ги интерпретира изнесените факти и ставови, не впуштајќи се подлабоко во нивно оспорување или уважување.

Второто поглавје **„Македонија, и посебно Прилеп, во времето на Марко К. Цепенков“** (стр. 20—52) ги предочува и толкува општествено-политичките, стопанско-економските и, особено, културно-просветните прилики во Македонија и специјално во родниот град на Цепенков — Прилеп, во времето кога живеел Марко К. Цепенков, извршувајќи ја својата значајна собирачка работа на подрачјето на македонскиот фолклор и етнологија. Покажан е и уделот, придонесот на Марко К. Цепенков во развојниот процес на македонската **преродба** во Прилеп. Имено, според податоците што самиот Цепенков ги дал во својата **Автобиографија** (објавена во целост, според оригиналниот ракопис на авторот, во сп. „Македонски јазик“, Скопје, 1958, кн. 1—2, стр. 109—111, во редакција на д-р К. Пенушлиски), Марко К. Цепенков се јавува како еден од главните организатори и спроводници, изведувачи на преродбенскиот процес во Прилеп и неговата околина, откако кон такви потфати ќе биде побуден и насочен од Димитрија Миладинов. Со изменетата општествено-културна клима во Прилеп кон крајот на минатиот век (покрај со силната желба на Цепенков да ги отпечати своите собрани фолклорни материјали) Т. Саздов го

објаснува останувањето на Марко К. Цепенков да живее во Софија сè до неговата смрт.

Биографското осветлување на Марко К. Цепенков е постигнато во III поглавје (стр. 53—68) на овој докторски труд. За одбележување е придонесот на авторот околу прашањето за родното место на Марко К. Цепенков (во литературата постојат паралелни податоци дека тој е роден во Прилеп односно Крушево); со нови податоци од Марковите ракописни материјали и од некои печатени (но недостапни) извори Т. Саздов се застапува за мислењето дека Цепенков бил роден во Прилеп.

Во IV поглавје **„Интенциите и резултатите на собирачкото дело во Македонија и неговите главни претставници. Местото на Марко К. Цепенков меѓу нив“** (стр. 69—94), се говори за вонредно значајната дејност од подрачјето на собирањето на народните умотворби во Македонија и нивното публикување, која имаше еднакво важна функција, национална и културно-просветна, како и училишната, црковната борба и учебникарската работа на македонскиот терен. Предочено е значењето на таа собирачка активност за писменото фиксирање на македонскиот јазик, за презентирање самобитноста на македонската народна култура. Се заклучува дека собирањето на народните умотворби во Македонија и нивното публикување, макар и надвор од Македонија (поради непостоење во неа на публикаторски, печатарски можности), имало несомнени национални признаци.

При освртот на собирачкото дело на поодделни запишувачи на македонските народни умотворби, претставено и образложено високото место што го зазема Марко К. Цепенков, со својот огромен фонд собрани народни умотворби.

Фолклористичкиот опис на собраните фолклорни материјали од Марко К. Цепенков (по жанри) е содржината на V поглавје (стр. 95—125). Давајќи систематизиран преглед на собраните фолклорни примероци од Марко К. Цепенков и оценувајќи ги од фолклористички аспекти, Т. Саздов напомнува дека овој истакнат собирач запишал низа нови, наполно оригинални фолклорни материјали, особено на подрачјето на приказните и кратките фолклорни жанри (пословиците и поговорките, гатанките, клетвите и благословите). Посебно значаен е придонесот на овој собирач во однос на писменото фиксирање на македонските легенди и преданија, не само затоа што се во прашање множество досега непознати, речиси неваријантни такви фолклорно-раскажувачки примероци, туку и затоа што Цепенков и нив ги подигна до нивото на допадлива раскажувачка народна проза.

Најзначаниот дел од докторскиот труд на Т. Саздов е VI поглавје **„Собирачката постапка на Марко К. Цепенков (главните елементи на неговата запишувачка практика). Одразот од неговиот личен творечки пристап во вообличувањето на запишуваните народни умотворби“** (стр. 126—173), во кое е анализирана

оригиналната, единствената запишувачко-собирачка практика на Марко К. Цепенков, со која овој наш собирач се јавува и како несомнен креатор на народните текстови што ги запишувал. Имено, Марко К. Цепенков, без оглед од каде и од кого да ги запишувал народните умотворби, ги предавал своите записи на прилепски јазик (говор), такашто неговите записи се сосема **унифицирани јазично и лексички.** Со својот вроден творечки, писателски инстинкт Цепенков и ги дооформувал народните текстови според својот раскажувачки усет, кого го демонстрирал на уверлив и блескав творечки начин во своите фолклорни записи.

Толкувајќи ја оваа наполно оригинална запишувачко-собирачка постапка на Цепенков, авторот полемизира со некои досегашни мислења и тврдења во книжевно-историската и особено во фолклористичката наука во Бугарија. Всушност, порано во фолклористиката во Бугарија собирачката практика на Цепенков била третирана како неправилна, непозволена и речиси фалсификаторска, бидејќи не бил согледуван неговиот творечки удел во вообличувањето на народните текстови. Побивајќи ги таквите неправилни толкувања и третмани на Марковата собирачка постапка. Т. Саздов укажува и покажува, со низа примери и аргументи, дека творечката интервенција на Цепенков при неговото запишување на народните умотворби не само што не ги нагрдила стилско-изразните белези на народните текстови, ниту тематско-содржински ги изменило, туку напротив придонела за нивното значително вообличување и дооформување во духот на фолклорното создавање.

Во последното поглавје „**Значењето на собирачката дејност на Марко К. Цепенков за македонската културна историја и фолклористиката**" (стр. 174—183), се укажува на вонредно големиот придонес на Марковиот собирачки опус за македонската национална култура и, посебно, за фолклористиката. Со својот огромен фонд собрани народни умотворби Марко К. Цепенков не само што раскошно, разновидно и уверливо го покажа блескавото народно-поетско богатство на Македонците, туку обилно го конзервираше и изнесуваше на показ македонскиот јазик (преку своите публикувани записи) и тоа во времето кога тој јазик можеше да биде издигнат и до пиедесталот на **литературен јазик** на македонскиот народ.

Преку записите на новите, дотогаш непознатите фолклорни примероци Марко К. Цепенков ја прошири жанрово и инаку богатата ризница на македонскиот фолклор (посебен придонес во тој однос претставуваат неговите записи на **тажачки песни**, со кои пројави како најзначаен нивни запишувач кај сите балкански народи).

Се укажува и на значењето на Марковите фолклорни материјали за македонската **историја, етнологија, филологија, лексика,** а особено за македонската и јужнословенската **фолклорис-**

**тика.** Всушност, обемниот и разновиден собирачки опус на Марко Цепенков претставува материјал за комплексни и повеќестрани користења и испитувања, па затоа се одликува со мошне драгоцени вредности и квалитети.

Работен врз архивски истражувања (особено во архивите на НР Бугарија, каде главно и се наоѓаат Марковите фолклорни записи), како и врз основа на публикуваниот фолклорен материјал на Цепенков, критички користејќи ја постоечката литература за собирачката работа на Цепенков и анализирајќи ја Марковата оригинална собирачка постапка, докторскиот труд на Т. Саздов всушност претставува една целосно оформена монографија за собирачката дејност на Марко К. Цепенков, објаснувајќи го и феноменот на неговата самобитна творечко-запишувачка постапка при собирањето на фолклорните материјали. Дисертацијата на Т. Саздов не само што појаснува и толкува на нов начин низа аспекти од творечко-фолклорната дејност на Цепенков, туку и корегира определени неточности (од фактографски и интерпретаторски карактер) во врска со собирачко-фолклорното дело на заслужниот македонски преродбеник Марко К. Цепенков.

Однесувајќи се на периодот на преродбата во Македонија (бидејќи М. К. Цепенков живеел и работел во тоа време), дисертацијата на Т. Саздов претставува и научен придонес во третирањето на овој значаен период од нашата културна историја.